Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 9 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2022 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваaа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Орхан Муртезани, директор на АД МЕПСО.

Од седницата отсуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог -одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

2. Предлог на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка

3. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Имплементациски протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе, со усогласен текст на Имплементациски протокол

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за итна потреба од нафта и нафтени деривати и подмирување на паричен долг за нафта кон ДПТУ „Пуцко петрол“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница.

7. Предлог-одлука за ограничување на извозот на масло од сончоглед

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

9. Предлог на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, за наредната редовна седница на Владата, поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 3**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Имплементациски протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе, со усогласен текст на Имплементациски протокол и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Имплементацискиот протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе.

2. Се овластува Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи да го потпише Имплементацискиот протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

**1.** Владата ги одложи од разгледување Информацијата за импликациите од примената на член 8 од Уредбата за прогласување на кризна состојба и Дополнителната информација за потребата од обезбедување на парични средства за надоместување на трошоците кои се причинети на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје како последица на отстапувањата кои АД ЕСМ- Скопје ги има направено за октомври и ноември 2021 година за наредната седница на Владата.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за економски мерки за справување со енергетската и ценовната криза, со Предлог економски мерки за заштита на потрошувачите и компаниите од енергетската криза, ја усвои Информацијата ги прифати мерките за заштита на потрошувачите и компаниите од енергетската криза и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Мерка 1-Намалување на повластена стапка на ДДВ за основните производи за човечка исхрана од 5% на 0%.

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката.

2) Мерка 2- Замрзнување на цените на основни производи за човечка исхрана

- Владата заклучи предложената Мерка 2 да не се спроведе.

3) Мерка 3-Замрзнување на маржите на основни производи за човечка исхрана

- Се задолжува Министерството за економија да ја операционализира мерката.

4) Мерка 4- Субвенции/ваучери за најраливите категории на граѓани за основни производи за исхрана

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја операционализира мерката.

5) Мерка 5-Автономна мерка за увоз на основни прехранбени производи и суровини кои имаат царински давачки од сите земји

- Владата заклучи да се измени описот на мерката во насока за прехранбените производи/суровини кои не се наведени во Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки, согласно заедничката проценка на Министерството за економија и Министерството за финансии за потребите и фискалните импликации, да се овозможи увоз како што е свежото месо и слични производи, во зависност од потребите.

- Се задолжува Министерството за економија да ја операционализира мерката.

6) Мерка 6 -Продолжување на примената на повластена даночната стапка од 5% за прометот со електричната енергија кон домаќинствата.

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката.

7) Мерка 7-Препорака за менување на методологијата за утврдување на цена за електрична енергија, за домаќинства и мали потрошувачи кои се на регулираниот пазар за електрична енергија, согласно Законот за енергетика.

- Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги да ја спроведе мерката.

8) Мерка 8-Продолжување на програмата за енергетска сиромаштија

- Владата констатира дека мерката веќе се спроведува преку Министерството за економија.

9) Мерка 9 -Субвенции за пензионерите

- Се задолжува Министерството за економија да ја операционализира мерката.

10) Мерка 10-Продолжување на субвенционирањето на цената на електрична енергија за регулираниот пазар (домаќинствата и малите потрошувачи)

- Се задолжува Министерството за финансии во соработка со АД „ЕСМ“ да ги следи состојбите на електро-енергетскиот пазар и доколку постои потреба, да го субвенционира енергетскиот систем.

11) Мерка 11-Субвенционирање на цената на топлинска енергија

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката до крајот на грејната сезона.

12) Мерка 12-Финансирање на проектите за енергетска ефикасност за општините преку користење на поволен кредит од Светска банка спроведен од Министерството за финансии

- Владата констатира дека мерката веќе се спроведува преку Министерството за финансии.

13) Мерка 13-Програма за промоција на обновливите извори на енергија во домаќинствата за 2022 година

- Владата констатира дека мерката веќе се спроведува преку Министерството за економија.

14) Мерка 14-Препорака за менување на методологијата за усогласување на цените на дериватите врз основа на промената на берзанските цени од неделна на дневна основа

- Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги да ја разгледа можноста за менување на методологијата за усогласување на цените на дериватите врз основа на промената на берзанските цени од неделна на дневна основа, барем во периодот на траење на европската енергетска криза.

15) Мерка 15-Пролонгирање на воведувањето на зелените давачки за деривати, односно еколошката такса за енергенти

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги пролонгира измените на Законот за животна средина, со што ќе се одложи воведувањето на дополнителната еколошка такса.

16) Мерка 16-Намалување на стапката на ДДВ од 18% на 10% при промет на енергенсите: безоловен бензин, гасно масло, течен нафтен гас (ТНГ) и метан

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката.

17) Мерка 17-Намалување на акциза врз основа на берзанските цени

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката.

18) Мерка 18-Препорака за штедење и рационално користење на електрична енергија и енергенти

- Владата на Република Северна Македонија им препорачува на сите институции, домаќинства и стопанството за грижливо и рационално користење на електрична енергија и енергенти.

- Се препорачува изготвување на план за комуникација на мерките и ситуацијата со цените на енергенсите со цел подигнување на свеста за сериозноста на ситуацијата. Дополнително, државните и јавните институции да предложат сет мерки за рационализација на трошоците по овие основи во рамки на нивните надлежности.

19) Мерка 19-Ослободување од плаќање ДДВ при увоз на природен гас и електрична енергија, топлинска енергија или енергија за разладување

- Се задолжува Министерството за финансии да ја операционализира мерката.

20) Мерка 20-Препорака за општините да го реорганизираат јавниот превоз да биде достапен во корист на сите граѓани

- Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го реорганизираат јавниот превоз да биде достапен во корист на сите граѓани.

21) Мерка 21-Субвенционирање на договорна каматна стапка по кредити дадени од комерцијалните банки на деловни субјекти кои ќе ја реинвестираат добивката за 2021 година

- Се задолжуваат Развојната банка на Северна Македонија и Министерството за финансии да ја операционализираат мерката.

22) Мерка 22-Финансиска поддршка преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија на компаниите

- Се задолжуваат Развојната банка на Северна Македонија и Министерството за финансии да ја операционализираат мерката.

23) Мерка 23-Финансиска поддршка преку комерцијалните банки со бескаматни кредити за обртни средства

- Се задолжуваат Развојната банка на Северна Македонија и Министерството за финансии да ја операционализираат мерката.

24) Мерка 24-Користење на Гарантниот фонд преку Развојната банка на Северна Македонија

- Владата констатира дека мерката веќе се спроведува преку Развојната банка на Северна Македонија

25) Мерка 25-Кредити за инвестирање во проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

- Се задолжуваат Развојната банка на Северна Македонија и Министерството за финансии да ја операционализираат мерката.

26) Мерка 26-Нова линија за поддршка на стопанството преку ЕИБ за зелена транзиција

- Се задолжуваат Развојна банка на Северна Македонија и Министерството за финансии да ја операционализираат мерката.

27) Мерка 27-Зелено финансирање (ЕБОР, Програма на Обединетите нации за развој, комерцијални банки)

- Владата им препорачува на комерцијалните банки заедно со ЕБОР да ја операционализираат мерката.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за преземање на мерка за финансиска поддршка со засметување на разликата на цена на топлинската енергија на вршителите на енергетските дејности на пазарот на топлинската енергија за потрошената топлинска енергија од страна на потрошувачите на топлинска енергија од категорија домаќинства во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Информацијата за итна потреба од нафта и нафтени деривати и подмирување на паричен долг за нафта кон ДПТУ „Пуцко петрол“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница го задолжи Министерството за финансии да ја разгледа можноста за поврат на данокот на додадена вредност од Управата за јавни приходи кон Железници на

Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, со цел сервисирање на долгот кон ДПТУ „Пуцко петрол“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за ограничување на извозот на масло од сончоглед и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална работа, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална работа и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

*

*   *

Оваа точка повторно е разгледана на Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2022 година.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

*

*     *

Оваа точка повторно е разгледана на Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2022 година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**